ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | Од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>животни: *domestic and wild animals: a chicken, a cow, a goat, a sheep, a horse, a donkey, a bear, a wolf, a lion, a leopard* | Ги препознава, именува и точно ги пишува лексичките единици кои се однесуваат на одредени делови од телото, како и одреден број животни. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 25** | ***Воведна активност*** -за активирање на вокабуларот **Наставникот:** Ги повикува учениците да ги именуваат Супер Пријателите.Се фокусира на супер моќта на Виспар (може да зборува со животни). На табла во средина пишува „Животни“ и го опкружува зборот. Го поттикнува класот да се сети со кое животно Виспар комуницира во приказната (мачка) и го започнува мапирањето на зборови со тоа што го запишува зборот „мачка“ близу до насловот „Животни“. **·*Главни активности*-вежбање на зборови за животни** Им укажува на учениците да ја погледнат сликата во нивните учебници. Ги поттикнува да кажат кого гледаат (Мисти, Тандер, Виспар, Флеш и наставникот). Поставува прашање каде мислат дека се ликовите и укажува на насловот на единицата. Го воведува зборот *pet* (милениче) и прашува дали учениците имаат миленичиња. Објаснува дека *pet show* е настан каде што луѓето ги носат своите миленици за да ги покажат на другите..<br>***Завршна активност***<br>Цел: да се повтори клучниот јазик од часот · Наставникот брзо покажува флеш-картичка пред одделението.· Учениците кажуваат што е прикажано на картичката.<br>***Рефлексија***<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на дениот час.<br>**Вреднување на работата на учениците** | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br>• Флеш-картички (flashcards) | -Дискусија (активно учество на час)<br><br>-изработка на картичка (картички со слика) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во покажување и изговарање на зборовите), доволно е само да се илустрираат сликовните картички.<br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | - -чек листа<br><br>Наставникот набљудува како учениците реагираат и учествуваат во активностите: |

Евидентен лист пополнет на крај на часот од учениците –Чек листа

| СКАЛА НА ПРОЦЕНКА | СКАЛА НА ПРОЦЕНКА |
|---|---|
| Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам | Моето учество во групата беше<br><br>GOOD OK BAD<br><br>Правилата за граматичката форма и новиот вокабулар ги научив<br>GOOD OK BAD<br>Каде треба да се подобрам |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| предлози за место: *in, on, under, behind, between, above, next to, in front of.* | Разликува значење на предлозите за место: *in, on, under, behind, between, above, next to, in front of* во куси искази. | **1 час**<br><br>**___.___.2025**<br><br>**Час број 26** | ***Воведна активност***<br>Преглед на зборовите за животни со флаш-картички<br>Ги повторува зборовите за животни со помош на флаш-картички. Ги дели учениците во четири тима. Тимовите стојат еден зад друг, свртени кон таблата.**Наставникот:** Шепоти различно животно на првиот ученик од секој тим.<br>***Главни активности***<br>за воведување на предлозите *in*, *on*, *under*<br>**Наставникот:** Става училишен предмет или мека играчка *врз*, *во*, а потоа *под* торба или кутија. Секојпат изговара соодветна реченица, на пр. *It's on the bag.*<br>Учениците ја повторуваат реченицата по него. Активноста се повторува со различни предмети..<br>***Завршна активност***<br>за преглед на јазикот од лекцијата<br>**Наставникот:** Прашува еден ученик да ги затвори очите. Сокрива флаш-картичка со животно или мека играчка *во*, *на* или *под* познат предмет, на пр. книга.<br>Ученикот се движи низ училницата и го бара предметот, поставувајќи прашања или одговарајќи на инструкции со користење на *in*, *on*, *under*..<br>.***Рефлексија***<br>• Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | -Усни /писмени одговори (активно учество на час изработка на вежба) |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на дениот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа прилагодена од час број 1<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>**Диференцирана активност –** Наставникот нуди дополнителна поддршка (слики,зборови) за ученици на пониско ниво, а на напредните им дава потешки зборови или бара да состават реченици со нив.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Наставникот набљудува дали учениците ги препознаваат зборовите, правилно ги пишуваат и изговараат. По потреба, дава насока или помош. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| безлични реченици во еднина и множина *(There is/There are)*; | Составува безлични реченици во еднина и множина за да разликува значење на предлозите за место: *in, on, under, behind, between, above, next to, in front of* во куси искази | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 27** | ***Воведна активност*** **–**за повторување на предлозите на место Прашува еден ученик да ги затвори очите. Сокрива флаш-картичка со животно или мека играчка *во*, *на* или *под* познат предмет (на пр. маса, книга или кутија).<br>**Наставникот:** Го повикува ученикот да го најде предметот, поставувајќи прашања или давајќи насоки со употреба на предлозите *in*, *on*, *under*.<br>***Главни активности*** за пеење песна со класот и вежбање слушање за специфични детали.**Наставникот:** Ги повикува учениците да ги именуваат животните на сликата што ги препознаваат. Ги воведува зборовите *fish* (риба) и *net* (мрежа). Поставува прашања, на пр.: *What's under the car?* (Одговор: A duck) и *What's on a bag?* (Одговор: A frog).<br>**Наставникот:** Го пушта аудио записот (41). Учениците ја следат песната во нивните учебници.<br><br>***Завршна активност***<br>за повторување на клучниот јазик од лекцијата<br>**Наставникот:** Ги поттикнува учениците повторно да ја испеат песната од Активност 1 во учебникот, овојпат со придружни движења.<br>**Цел:** Да се зацврсти вокабуларот и разбирањето на предлозите на место преку музика и моторна активност.. | • Учебник<br>• Наставнички прирачник<br>• Табла (обична или бела табла)<br>• Фломастери / креда<br>• Проектор / интерактивна табла<br><br>Флеш-картички (flashcards)<br><br>**Аудио уред или звучник** – За пуштање снимки (приказни, дијалози, песни). | Се набљудува дали учениците препознаваат и опишуваат свои примери и дали разбираат зошто тие се важни. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>**Диференцирана активност**<br><br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Наместо да пополнуваат од меморија, добиваат лист со можни зборови за пополнување и избираат точниот.<br><br>**За напредни ученици:**<br>– Осмислуваат сопствени стихови со нови зборови и ритам, инспирирани од песната, па ги разменуваат со друг пар за пополнување.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br>ја пополнуваат табелата точно,<br>користат меморија,<br>соработуваат во пар. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| искажување лични желби и интереси | Учествува во дијалог преку поставување и/или одговарање на куси прашања поврзани со личните желби или интереси. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 28** | ***Воведна активност*** за повторување на предлозите на место**Наставникот:** Пред почетокот на часот, крие мека играчка-животно или флаш-картичка со животно некаде во училницата.**Кога учениците влегуваат:** Наставникот вели: *There's an animal in the classroom. Where is it?***Учениците:** Го бараат животното и ги користат предлозите *in*, *on*, *under*, додека претпоставуваат или опишуваат каде може да биде скриено.<br>***Главни активности*** -за воведување на *like* и *don't like* **Наставникот:** Ја држи флаш-картичката со, на пр., гуштер блиску до себе и изгледа радосно. Вели: *I like lizards.* Ја става флаш-картичката со, на пр., мачка на другата страна од просторијата, изгледа незадоволно и вели: *I don't like cats.* Го повторува процесот со повеќе животни за да ја прикаже разликата помеѓу *like* и *don't like*.<br>***Завршна активност***за повторување на новиот јазик од лекцијата<br>**Наставникот:** Заедно со учениците вежба гестови за изразување на *like* (на пр. насмевка и палец нагоре) и *don't like* (на пр. гримаса и палец надолу). Изговара реченица за животно, на пример: *I like dogs.* Потоа прашува: *What about you?* **Учениците:** Гестовски го изразуваат своето мислење – дали им се допаѓа или не тоа животно. | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | - Набљудување (Observation)<br><br>Проверка на тетратки<br><br>Усна проверка<br><br>Чек-листа со емоции<br><br>**Наставникот** набљудува дали учениците:<br>• формулираат прашања<br>• даваат точни одговори според табелата. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Диференцирана активност**<br>**За ученици со потешкотии:**<br>– Добиваат помошна табела со готови прашања и треба само да изберат ✔ или ✘ за одговорот<br>**За напредни ученици:**<br>– Сами формулираат нови прашања и одговори, вклучувајќи нов вокабулар по сопствен избор<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |

**Чек-листа за следење на напредок**

Име и презиме: ______________________

| Цел | Добро | Делумно | Треба поддршка |
|---|---|---|---|
| формулираат прашања и реченици | | | |
| даваат точни одговори според табелата. | | | |
| Соработува при работа во пар | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јазични функции:**<br><br>колокации: *do my homework, take a photo/selfie, write a story, play (computer/video) games, play the piano/guitar, use a computer; finish a school project, read a book, send an email;* | Составува едноставни реченици во *Present Simple Tense* за да опише рутинска активност, училишна обврска или активност од личен интерес. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 29** | ***Воведна активност*** за повторување на ликовите и приказната**Наставникот:** Ги поттикнува учениците да ги кажат имињата на четирите Супер Пријатели. Ги замолува учениците да ги имитираат нивните супер моќи со гестови (на пр. брзо движење за Флеш, тивко шепотење за Виспар итн.). Прашува: *What can Whisper do?*Одговараат: *He can speak to animals.*<br>***Главни активности***<br>за **претставување сликовита приказна**<br>**Наставникот:** Прашува кое животно се појавува во приказната. Им укажува на учениците да го погледнат почетокот и да погодуваат кој Супер Пријател сака пајаци (Whisper), а кој не ги сака (Flash). Потоа ги објаснува зборовите *touch*, *table* и *tree* со покажување на сликите.<br><br>**Завршување на часот**<br>**Цел:** да се вежба приказната<br>· Наставникот ги дели учениците во групи од по петмина.<br>· Секој ученик добива улога на еден од ликовите.<br>· Се пушта аудиоснимката, а учениците ја повторуваат својата улога.<br>· Учениците ја вежбаат драматизацијата во своите групи.<br>· Волонтерски групи ја изведуваат приказната пред класот.<br>**Диференцирана активност**<br><br>Наставникот ги прилагодува активностите според | табла со маркер, тетратки на учениците, устен диктат или флеш-картички (по избор) | **Наставникот** набљудува дали учениците:<br><br>• ги препознаваат ликовите,<br>• ги именуваат<br>• покажуваат разбирање на приказната.<br><br>на табла како пример и за финална проверка |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | потребите на учениците:<br><br>• За ученици со потешкотии: нуди визуелна поддршка, модел реченици, или помош при избор на улога.<br>• За напредни ученици: поттикнува употреба на подолги реченици, проширување на дијалогот или измислување нов крај на приказната.<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br><br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | Наставникот набљудува како учениците учествуваат во активностите, дали разбираат и правилно ја изведуваат својата улога.<br>Ги следи нивната вклученост, точноста во говорот и соработката во група.<br>По потреба, дава насока или повратна информација. |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| член кај именките: *a pen, a friend, a teacher, an email, the guitar, the violin;* | Применува правописни правила при пишување на неопределен член кај именките во еднина, како и при пишување со зборови на двоцифрени броеви до 50. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 30** | ***Воведна активност***<br><br>Членови кај именки – *a, an, the*<br>**Страна:** 130.Учениците да препознаваат и користат одредени (*the*) и неопределени (*a/an*) членови со именки.<br><br>***Главни активности* стр. 130**<br>**Наставникот:** Им дава задача да ги најдат членовите *a*, *an*, *the* во речениците. Учениците ги подвижуваат или подвлекуваат.Потоа пополнуваат реченици:I have ___ pencil.She's ___ artist.He plays ___ violin.Look! ___ apple is red.. **Игра: Article Match.**На табла се ставаат три колони: *a*, *an*, *the*.Наставникот кажува збор (на пример: orange, book, elephant, guitar), а учениците го лепат под соодветниот член или го запишуваат на табла.<br><br>***Завршна активност***<br><br>**Наставникот:** Прашува: *When do we use "a" or "an"? When do we use "the"?*<br>Учениците даваат примери од своето секојдневие, на пр.:I have a cat.My sister plays the piano.I ate an egg.**Дополнително:**<br>Брз квиз со слики – наставникот покажува слика, учениците кажуваат соодветен член + именка (на пр. [слика од јаболко] → *an apple*).<br><br>**Диференцирана активност** | -<br><br>Аудио-снимка од приказната<br><br>Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | - Го следи разбирањето и вклученоста на учениците во активноста.<br><br>· Поттикнува самодоверба и ги охрабрува групите да настапат пред класот. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците со поддршка спојуваат слики со соодветен член (*a/an/the*), а напредните составуваат три реченици со тие членови.<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа<br><br>***Рефлексија***<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? Рубрика за оценување | | **Рубрика за оценување** |

**Рубрика за оценување**

Име и презиме: _______________________ Датум: ____________

| Критериум | ✓= целосно совладано | = делумно | ✗= не е совладано |
|---|---|---|---|
| Разбира текст | | | |
| Јасно зборува | | | |
| Користи член | | | |
| Соработува во група | | | |
| Го разбира значењето на определен и неопределен член | | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Лексички единици:**<br><br>училиште и интереси: *classroom, white/interactive board, markers, team, group work, sport, player, hobby, present, mountain, pet, computer games, video games, ride a bike, free time* | Поврзува одреден број колокации за изразување активности со даден илустративен приказ. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 31** | ***Воведна активност*** **Наставникот:**<br>· Ги поставува сликовните картички на таблата и поттикнува учениците да ги именуваат животните.· Ги запишува зборовите под секоја картичка за визуелна поврзаност помеѓу зборот и сликата.· Упатува учениците да нацртаат табела 2 x 2 во нивните тетратки и да напишат по еден збор за животно (или да нацртаат слика) во секое поле.<br>· Ги следи и поддржува учениците додека ја извршуваат задачата.<br><br>***Главни активности*** **правописни правила за да напише едноставни реченици кои вклучуваат интереси Наставникот:**<br>· Им објаснува на учениците дека ќе слушаат опис и треба да ги постават стикерите на вистинските места на сликата.<br>· Ги изведува зборовите за животни: **cat, dog, lizard, rat, duck**, и поттикнува учениците да ги именуваат.<br>· Ги прашува каде мислат дека се наоѓаат животните (на пр., *The dog is under the tree.*).<br>· Им кажува на учениците да ги најдат соодветните стикери и да ги исечат заедно со подлогата.<br>· Го пушта аудио-снимката (или чита текстот), додека учениците внимателно следат и ги поставуваат стикерите. | Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | Усно проверување на познавањето на глаголите при покажување картички<br><br>Набљудување додека учениците читаат и наоѓаат специфични информации (скенирање)<br><br>Преглед на белешките за дневната рутина<br><br>Проверка на напишаниот текст според |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност-* изведување заклучок**<br>**Наставникот:**· На таблата нацртува два круга и пишува **I like** и **I don't like**.· Заедно со учениците пополнува мапи на зборови со животни.· Учениците прават исто во тетратките и може да додадат и други животни.· Наставникот следи и поставува прашања за поттикнување на дискусија.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици со потешкотии: добиваат реченици со подцртани зборови и треба само да ги поправат<br>За ученици со просечно ниво: составуваат 2–3 реченици со интереси<br>За напредни ученици: пишуваат краток текст од 3–4 реченици за нивните интереси<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | моделот (точност на временски изрази, редослед на активности, граматика)<br><br>Формативно следење со кратка самоевалуација (на пример, учениците да заокружат: „Разбирам – Делумно – Треба ми помош") |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| правилна множина кај именките: *school - schools; classroom - classrooms, book - books, pencil - pencils;* | Разликува еднина и множина кај именките во писмена и усна комуникација | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 32** | ***Воведна активност*** **Наставникот:**<br>· Расчистува простор во училницата и става линија на подот (со леплива лента или јаже).<br>· Покажува на едната страна и вели: **I like**. Покажува на другата и вели: **I don't like**.<br>· Учениците се придвижуваат на соодветната страна според нивното мислење.<br><br>***Главни активности*** еднина и множина кај именките во писмена и усна комуникација **Наставникот:**<br>· Дава картички со животни на неколку ученици и вели: **Come to the pet show!**<br>· Учениците со картички излегуваат напред, ги покажуваат своите „миленици" и зборуваат за нив:<br>– *This is my pet. I like lizards.*<br>· Посилни ученици можат да додаваат детали: *His name is Leo.*<br>· Наставникот доделува замислена награда за „најдобар миленик".<br><br>**Алтернативна активност:**<br>Учениците можат да направат квиз со три понудени одговори,<br><br>**Форма на работа:**<br>Индивидуална работа со писмено извршување на задачата. По завршување, учениците можат да ги споделат одговорите во | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** при читање, пишување и говорни вежби.<br><br>**Прашања:** за проверка на разбирање (на пр. „Кога станува Сем?").<br><br>**Усни излагања:** со повратна информација.<br>**Писмена проверка:** на белешки и текстови.<br><br>**Самоевалуација:** со кратка чек листа или 2–3 рефлексивни прашања. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | парови или пред цел клас за проверка.<br><br>***Завршна активност-***<br><br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:<br><br>• Што работевме денес?<br>• Како се чувствував за време на активностите?<br>• Што ново научив?<br>• Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?<br><br>**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | - Формативно следење преку набљудување и проверка на пополнетата задача |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Интеркултурни содржини:<br>● заштита на животната средина и развој на еколошка свест | Составува едноставни куси насоки/заповедни искази според моделот за развивање еколошка свест. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број33** | ***Воведна активност* Наставникот:**· На таблата го запишува големото прашање: **What do animals need?**<br>· Црта слика од куче или мачка и прашува: **What does it need?**<br>· Ги поттикнува учениците да одговорат (на пр. *It needs food, water, a home, love.*).<br>· Со оваа активност го воведува поимот за основните потреби на животните преку визуелна и интерактивна стимулација.<br>***Главни активности* Наставникот:**<br>· Ги прашува учениците кои имаат миленичиња да објаснат како се грижат за нивните основни потреби: засолниште, храна и вода.· Ја проширува дискусијата со прашање: **What problems do wild animals have?**· Води кратка дискусија за проблемите со кои се соочуваат дивите животни, како што се: – исчезнување на живеалиштата, – суши, – недостапност на храна.<br>· **Забелешка:** Оваа дискусија може да се води на мајчин јазик (L1), за да се обезбеди подобро разбирање.<br><br>***Завршна активност*- изведување заклучок**<br><br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br><br>**Вреднување на работата на учениците преку** | -<br><br>Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат<br><br>**Кратка проверка:** ученик покажува останатите го именуваат. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| Содржина (и поими) | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио за часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Интеркултурни содржини:**<br>● заштита на животната средина и развој на еколошка свест | Разликува ситуации на загрозување или заштита на животната средина во даден исказ. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 34** | ***Воведна активност* Наставникот:**<br>· Ги изведува (elicits) од учениците основните потреби на животните од претходниот час и ги запишува на таблата: **shelter, food, water, air**.<br>· Погоре, во случаен редослед, ги запишува глаголите: **drink, eat, live, breathe**.<br>· Ги прашува учениците да ги поврзат секоја потреба со соодветниот глагол<br><br>***Главни активности* Наставникот:**<br>· Ја воведува активноста за креативно истражување на поимот **shelter** (засолниште).<br>· Ги организира учениците во парови и им дава по една хартиена чинија и малку волница.<br>· Го воведува зборот **web** и објаснува дека ќе изработуваат мрежа.<br>· Учениците прават околу 15 мали засечоци околу работ на чинијата.<br>· Го лепат крајот на волницата на задната страна од чинијата, а потоа ја провлекуваат волницата преку чинијата, вметнувајќи ја во засечоците за да создадат мрежа.<br><br>Оваа активност им овозможува на учениците преку уметничка и практична работа да се поврзат со поимот „засолниште“, | -<br><br>Табла и маркер/креда –<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student’s Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека ученик чита и останатите следат визуелно.<br><br>**Прашања:** за разбирање на текстот и препознавање на римските броеви.<br><br>**Усна проверка:** ученици именуваат римски броеви што ги препознале.<br><br>**Кратка проверка:** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | како мрежа која ги штити или обезбедува безбедно место.<br><br>***Завршна активност* да се повтори што научиле учениците на часот**<br>· Наставникот го запишува следниот поттик на табла: **Today I've ...**<br>· Ги прашува учениците што направиле денес, на пр.: *learned about ....*<br>· Ги запишува одговорите на таблата. Учениците ги препишуваат речениците во нивните тетратки<br><br>**Вреднување на ученичката работа преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуација<br>**Инструмент:** чек-листа со визуелен приказ (семафор)<br><br>**Рефлексија**<br>Поттикнувачки прашања за размислување:Што работевме денес?Како се чувствував за време на активностите?Што ново научив?Каде и како можам да го применам наученото во секојдневниот живот?**Диференцирани активности:**<br>За ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка:<br>Се користат прилагодени наставни средства (визуелни, тактилни, картички, предмети за манипулација) за олеснување на разбирањето и практикување на содржината.<br><br>За ученици кои покажуваат повисоко ниво на разбирање:<br>Добиваат задача за самостојна и креативна примена на знаењето преку составување текст, решавање проблем, истражување или презентација. | | ученик покажува број, останатите го именуваат.<br><br>- |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| барање/давање информации: | Поврзува два куси исказа во низа за да формира мисловна целина и да даде повеќе информации. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 35** | ***Воведна активност* Наставникот:**<br>· Дава едноставни наредби (императиви) поврзани со предмети и животни, на пр. – *Show me a red pencil.*<br>*– Put your book on your desk. – Be an elephant!* (учениците го мимираат животното)· Потоа учениците наизменично даваат наредби на целата класа, користејќи императиви и замислувајќи животни.· Наставникот охрабрува креативност и јасна употреба на глаголи во императив..<br><br>***Главни активности***<br>**Да се поттикне имагинацијата на учениците Наставникот:**<br>· Ја објаснува активноста и се уверува дека учениците имаат **боички** .<br>· Проверува дали ги разбираат зборовите **imagine** (замисли) и **draw** (нацртај).<br>· Ја пушта снимката. Учениците слушаат и ги следат инструкциите преку цртање.<br>· Наставникот следи и дава поддршка по потреба..<br><br>***Завршна активност*- изведување заклучок**<br>**Наставникот:**<br>· Ги организира учениците да седнат во групи според животното што го избрале за нивната | Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student's Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Активно учество во активноста**<br><br>.<br><br>**Поставување прашања**<br><br>**Користење научен вокабулар и граматика**<br><br>**Комуникација со повеќе партнери** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | маска.<br>· Дава инструкции за слушање и извршување, секогаш најпрво именувајќи ја групата, на пр.:<br>– *All the donkeys, stand up and turn around.*<br>– *All the frogs, show me your pencil case.*<br>· Учениците ја следат инструкцијата преку движење или покажување предмет.<br>· Наставникот следи, пофалува и поттикнува вклучување на сите ученици.**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br><br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br><br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br><br>**Диференцирани активности:**<br><br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br><br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | |



resursi.literatura.mk

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ЗА НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 ПО УЧЕБНИК - SUPER MINDS за 4 одд. (АНГЛИСКИ ЈАЗИК)

| Предмет: Англиски јазик | |
|---|---|
| Тема: Unit 3 Pet Show 12 часа | Време за реализација: ноември 2025 |
| Изготвил/-а: | од ООУ |

| **Содржина (и поими)** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио за часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| барање/давање информации: | Препознава усвоена лексика во шега или игра со зборови, го толкува значењето и/или ја преведува шегата или играта со зборови. | **1 час**<br><br>**___.__.2025**<br><br>**Час број 36** | ***Воведна активност***<br>**Наставникот:**· Ги повторува имињата на животните со помош на сликовни картички.· Користи една картичка со животно или меко играчка за да демонстрира играта **Simon says**.<br>· Повикува еден ученик напред и ги објаснува правилата:<br>– Учениците треба да ја следат инструкцијата **само ако** наставникот каже *Simon says* на почетокот.· Почнува со едноставни инструкции поврзани со животни, на пр.:<br>– *Simon says: be a cat. – Touch your head.* (Учениците не треба да реагираат.)· Наставникот внимава на разбирањето и вклученоста на учениците<br>.***Главни активности***<br>**да се организира вокабуларот поврзан со темата**<br>**Наставникот:**<br>· Потсетува учениците да одговараат со заокружување на една опција за секоја реченица, користејќи ги сликите како потсетници.<br>· Ако е потребно, го решава првиот пример заедно со класот.<br>· Учениците ја решаваат квиз-активноста во парови, првиот пат **без** да гледаат назад во единицата.<br>· Потоа паровите ги споредуваат своите одговори со други парови.<br>· Учениците повторно ја разгледуваат единицата за да проверат непознати прашања.<br>· Наставникот ги проверува одговорите заедно | -<br><br>Табла и маркер/креда **–**<br><br>Флеш-картички<br><br>Учебник (SB – Student’s Book)<br><br>Тетратки и пенкала/моливи | **Набљудување:** додека учениците го решаваат квизот самостојно.<br><br>**Проверка на одговори:** заедничко или индивидуално, со објаснување на точните решенија.<br><br>**Белешки на наставникот:** за тоа кои ученици покажуваат сигурност и кои имаат потешкотии.<br><br>**Повратна** |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ***Завршна активност***<br>**да се овозможи на учениците да ги изразат своите преференции**<br>· Наставникот ги прашува учениците која им е омилена активност од единицата (на пр. песната, ритмичката песничка или некоја игра).<br>· Се организира гласање во класот.<br>· Наставникот ја повторува најпопуларната активност со учениците.<br>***Рефлексија*- изведување заклучок**<br>Учениците ги проверуваат одговорите во консултација во парови<br>Наставникот дава кратки насоки како да се пополни листата за самооценување поврзана со активностите на денешниот час.<br>**Вреднување на работата на учениците преку формативно следење**<br>**Техника на оценување:** самоевалуција<br>**Инструмент за самооценување:** чек листа (семафор)<br>**Диференцирани активности:**<br>Доколку кај некои ученици ќе се појави потешкотија во совладување на содржината (потешкотии во пишување на пораката), доволно е само да се илустрира.<br>**Рефлексија**<br>Прашања од типот: Што правевме денес? Како се чувствувавте? Што научивте? Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот? | | **активност:** кратка дискусија – *Кое прашање ви беше најлесно? А најтешко?*<br><br>**Формативна оценка:** преку квизот како алатка за проценка на усвоеност на содржината од единицата.<br><br>- |



resursi.literatura.mk